**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-163**
**14.06 2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 143 став 3 од истиот Закон, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2295/1 од 08.06.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-2312/4 од 14.06.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23-та седница, одржана на 14.06.2022 година, го донесе следното:

**Решение за**
**преземање мерка – јавна опомена**

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, заради тоа што во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „МРТ 3", „МРТ 4" и „МРТ 5".
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2295/1 од 08.06.2022 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за преземање мерка – јавна опомена.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗААВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗААВМУ, Агенцијата е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗААВМУ, Агенцијата на 08.06.2022 г., изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, при што констатираше дека наведениот оператор во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2295/1 од 08.06.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 143 став 3 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-2295/1 од 08.06.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ на начин што во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по решението за преземање мерка - јавна опомена.

Согласно член 24 од ЗААВМУ, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-2295/1 од 08.06.2022 година.

Доставено до:
- Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа - Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје;
- Управителот/одговорно лице на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа - Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 08-06.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 11 | 2295 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** __редовен__

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје

**3. Датум на извршување на надзорот:** 08.06.2022 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), според која „Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис“.

**5. Претходно изречени мреки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „ МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи во рок од 30 (триесет) дена од приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги вклучи сите прграмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомените (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**